CEELI INSTITUTE
PRAGUE
ADVANCING THE RULE OF LAW



ИЗВЕШТАЈ НА ИНСТИТУТОТ CEELI

# ПРАКТИЧНИ УПАТСТВА ЗА КОРИСТЕЊЕ СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ ОД СТРАНА НА СУДИИТЕ: ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА

# CEELI INSTITUTE
## PRAGUE

ADVANCING THE RULE OF LAW

***Институтот CEELI е чешка (непрофитна) организација од јавен интерес со седиште во Прага, посветена на развојот и обука на меѓународна мрежа на правни и судски професионалци, посветени на унапредување на владеењето на правото. Преку иновативни програми за обука и други активности, Институтот работи со судии, правници и актери на граѓанското општество за да изгради општества засновани врз закони. Институтот CEELI се гордее со разновидноста и квалитетот на програмите што ги има развиено, на размените на колеги што ги поттикнува, на иновативниот карактер при нивното програмирање, како и на своевидното наследство во придонесот за унапредување на владеењето на правото во ранливите земји. Нашите напори се насочени кон создавање независни, транспарентни и ефективни судии, зајакнување на демократските институции, поттикнување на напорите за борба против корупцијата, премостување на тешки конфликти, промовирање на човековите права и поддршка на адвокатите и граѓанските здруженија во репресивни средини. Институтот CEELI е со седиште во Вилата Гребовка во Прага, историска зграда од XIX век, сега реновирана во најсовремена резиденција и конференциски центар.***



Почитувани колеги и колешки,

Живееме во време кое е сé повеќе зависно од развојот на информатичката технологија. Нејзиното брзо усовршување секојдневно наметнува нови начини и можности за функционирање како професионално, така и приватно. Сé почесто се користат придобивките на оваа технологија која ни овозможува подинамична интеракција, побрзо стигнување до информациите и осознавање на нови методи на учење и усовршување. Предизвикот е индивидуален, но и колективен особено кога сите општества се наоѓаат во ситуација на справување со негативните последици од глобалната пандемија од вирусот КОВИД 19 кој ја ограничи непосредната комуникација на луѓето. Ваквата реалност го реорганизираше светот и ја наметна уште повеќе употребата на информатичката технологија, а искористувањето на интернет можностите и виртуелните платформи станаа нужен начин на извршување на секојдневните обврски за „одмрзнување на светот“.

Како институција за обука на судиите и јавните обвинители, навреме успеавме да го препознаеме влијанието на пандемијата врз правосудниот систем, а воедно и да ги идентификуваме потребите на судиите и јавните обвинители кои ќе се јават под притисокот на новите пристапи кои се наметнуваа на глобалната сцена. Имајќи ја предвид новонастанатата реалност, задоволство ние што можеме да споделиме уште едно вредно четиво подготвено од CEELI Институтот од Прага, кое е наменето за судиите од Централна и Источна Европа и кое содржи насоки за користење на друштвените медуми.

Публикацијата е резултат на двегодишна напорна работа и интензивни истражувања и размена на мислења со судиите од целиот регион. Таа содржи насоки и препораки за судиите од регионот, но се надеваме дека истите ќе најдат и поширока примена, сé со цел правосудните тела полесно да се прилагодат на новините кои се случуваат во светот под влијание на информатичката технологија, а воедно ефикасно и мудро да ги користат.

Со искрена благодарност,

***проф. Д-р Наташа Габер – Дамјановска,***
***Директор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев„***

Почитувани,

Во услови на пандемија на КОВИД-19 животот во сите сфери доби неочекуван информатички предзнак и во голем дел се одвива преку социјалните медиуми. Интеракцијата во дигиталната сфера остава записи коишто може да бидат различно протолкувани, а во контекст на судската функција може да имаат сериозни импликации.

Упатствата што се пред Вас се исклучително корисни бидејќи содржат препораки и практични совети за управување со активностите на социјалните мрежи, медиуми и платформи, но овозможуваат и подобро информирање заради заштита од малициозни постапки на оние коишто ќе имаат увид во изјавите, постовите, „другарувањето“ и „лајкувањето“ од страна на судијата. Многубројните дигитални можности недвојбено ги мултиплицираат изворите на ризици.

Предизвиците се зголемуваат со оглед на фактот што од една страна судиите треба да бидат солидно информатички подготвени и да поседуваат вештини за користење на социјалните медиуми, да ги следат случувањата, да бидат навремено и правилно информирани, да ја остварат слободата на изразување и преку социјалните медиуми, но од друга страна треба да внимаваат нивната активност да не претставува постапување кое не е докрај во согласност со етичките правила и принципи на судската функција, а е поврзано со јавно изнесен став од страна на судијата во однос на тековна судска постапка, коментари за своите колеги судии или други учесници во судските постапки, произнесување со свој став во однос на содржини коишто имаат политичка конотација, говор на омраза и сл.

Поаѓајќи од фактот што ваквата симбиоза на неизбежни противречности може одвраќачки да влијае врз судиите и да доведе до игнорирање на можностите што ги нудат социјалните медиуми. Упатствата се корисна алатка која нуди совети, чекори за постапување и препораки коишто на исклучително едноставен начин ги демистифицираат и разјаснуваат дилемите во однос на прашањата поврзани со приватноста на социјалните медиуми и можностите за безбедносни поставки при креирање и одржување на користичките сметки и профили.

Скопје, 12 мај 2020 година

***проф. д-р Гордана Лажетиќ,***
***Претседател на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија***

**ИЗВЕШТАЈ НА ИНСТИТУТОТ CEELI**

# ПРАКТИЧНИ УПАТСТВА ЗА КОРИСТЕЊЕ СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ ОД СТРАНА НА СУДИИТЕ: ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА

ноември 2019

# СОДРЖИНА


Благодарност ........ 9

Предговор ........ 11

ПРЕГЛЕД НА ПРЕПОРАКИТЕ ........ 13

ПРЕПОРАКИ ЗА СУДИИТЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ ........ 15

1. Достоинствено претставувајте го судството во СИТЕ содржини на социјалните медиуми ........ 15
2. Никогаш не ги коментирајте тековните предмети ........ 17
3. Не користете социјални медиуми за да истражувате странки ........ 17
4. Внимавајте кого прифаќате како „пријател“ и што и кого „лајкувате“ ........ 18
5. Одбегнувајте политички и комерцијални коментари ........ 18
6. Прилагодете ја и следете ја вашата онлајн видливост ........ 19
7. Заштитете ги вашите лични податоци ........ 20
8. Едуцирајте го вашето семејство и пријателите ........ 21
9. Користете ги социјалните медиуми за едуцирање на јавноста ........ 22
10. Континуирано едуцирајте се за социјалните медиуими ........ 22

КРАТКИ СОВЕТИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ВАШИТЕ АКТИВНОСТИ НА ИНТЕРНЕТ ........ 23

ПРИЛОГ I ........ 25

1. Историја на социјалните медиуми ........ 25
2. Дефиниции ........ 25
   - 2.1 Дефинирање на социјалните медиуми ........ 25
   - 2.2 Дефинирање на најчесто користените социјални медиуми ........ 26
   - 2.3 Опасни алатки на социјалните медиуми ........ 28
3. Влијанието на социјалните медиуми врз општеството ........ 30
4. Социјалните медиуми во политиката и во јавниот живот ........ 30
5. Сопственици на податоци на Интернет ........ 31
6. Прашања поврзани со приватноста на социјалните медиуми ........ 32
7. Ризик од злоупотреба ........ 33
8. Примери за безбедносни поставки за кориснички профили на социјалните мрежи ........ 34

ПРИЛОГ II ........ 37

Упатства на Здружението на судии на Чешката Република ........ 37

ЛИСТА НА НАЦИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ МИСЛЕЊА, ПРАВИЛА И СТАНДАРДИ ПОВРЗАНИ СО СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ ........ 43

## БЛАГОДАРНОСТ

*Институтот CEELI сака да се заблагодари  на членовите на Работната група при Мрежата за размена на судии во Централна и Источна Европа, кои ги креираа овие Упатства за користење на социјалните медиуми од страна на судиите:*

***судија Катица Артуковиќ, Босна и Херцеговина***
***судија Марела Јевтовиќ, Босна и Херцеговина***
***судија Давор Дубравица, Хрватска***
***судија Домагој Фрнтиќ, Хрватска***
***судија Ладислав Дерка, Чешка Република***
***судија Левенте Симон, Унгарија***
***судија Миндаугас Шимонис, Литванија***
***судија Кристи Данилет, Романија***

*Им се заблагодаруваме и на Ксенија Ренко и на Марко Ракар, регионални експерти за комуникација и односи со јавност, на Дејвид Селерс, службеник за односи со јавноста, Административна канцеларија на американските судови, Барбора Филд и Фреда Грали, Програмски раководители на Институтот CEELI и на Кетрин Сорел, приправник во Институтот CEELI (Правен Факултет William and Mary) за нивниот значителен придонес при изработката на овие Упатства.*

*Институтот  исто така, се заблагодарува на судијата Џудит Макалусо, Џенет Кац и на Џејн Махони за нивната непроценлива помош во уредувањето на овој документ.*

*Тие работеа на овој документ pro bono – без надомест, како облик на поддршка на заедницата во работата на судиите.*

*Проектот беше овозможен благодарение на грант и постојана поддршка од Бирото за меѓународна борба против наркотици и спроведување на законите (Bureau of International Narcotics and Law Enforcement Affairs (INL) при Американскиот Стејт Департмент.*

# ПРЕДГОВОР

Институтот CEELI од 2000 година ги обучува и поддржува судиите во Централна и Источна Европа. Не е изненадувачки што прашањето за користење на социјалните медиуми од страна на судиите е сѐ позначајна тема на средбите на судиите што ги организира Институтот и други организации во регионот. Како што употребата на социјални медиуми стана секојдневна појава во животот на луѓето, истражувањето на етичките ограничувања на користењето на социјалните медиуми стана сѐ погорлива грижа на судиите.

Од 2012 година, Институтот CEELI работи на зајакнување на Мрежата на млади судии од Централна и Источна Европа, со помош на грантови од Бирото за меѓународна борба против наркотици и спроведување на законите (INL) при Американскиот Стејт Департмент. Работната група на Мрежата на судиите настојуваше детално да ги истражи предизвиците поврзани со користење на социјални медиуми со цел на своите колеги да им дадат појаснување и упатства за тоа како да се користат социјалните медиуми на начин да се одбегнат замки и етички проблеми. Со помош на стручни лица за правосудството, етиката и односите со јавноста, Институтот CEELI го изработи овој сет на Упатства наменети за судии коишто се однесуваат на примерно однесување на судии при користење на социјалните медиуми. Овие Упатства опфаќаат случаи на непримерно однесување на социјалните медиуми кои може да ја загрозат независноста, интегритетот и непристрасноста на судиите, да ја поткопаат довербата на јавноста во судството или да резултираат со дисциплинска постапка против судии.

Со овој документ се настојува да се сумираат ваквите размислувања, да им се даде на судиите јасен преглед за предностите и недостатоците при употребата на социјалните медиуми и да им се понудат препораки за нивно безбедно користење. Овие Упатства ќе се фокусираат на најпопуларните социјални платформи како Facebook, Instagram и Twitter, кои сега ги користат голем број лица што имаат пристап до Интернет. Но препораките се однесуваат и на други социјални медиумиски платформи, како што се YouTube, Linkedin, Reddit и блогови, како и на платформи кои сеуште не се создадени.

Постојат оправдани причини зошто судиите треба да користат или барем да бидат свесни за начинот на којшго функционираат социјалните медиуми. Од една страна, активност на социјален медиум може да доведе до етички прашања и предизвици. Ова се однесува на примерната содржина што се објавува/постира од страна на судија, ненамерно искажување предрасуда или интерес на судијата низ неговите објави и последици кои произлегуваат од интеракцијата на претставник од судството со трети страни. Однесувањето на судијата на социјален медиум е видливо за јавноста, па поради тоа ваквите активности на судиите може да наштетат на довербата на јавноста во судството. Ставовите на социјалните медиуими исто така, може да ја доведат во прашање непристрасноста и правичноста на судската постапка.

Од друга страна, социјалните медиуми се ефикасно средство за едуцирање на јавноста, делумно и затоа што допираат до оној дел од јавноста којшто не е во интеракција со судството на друг начин. Со користење на социјалните медиуми може да се подобри и перцепцијата и разбирањето на јавноста за работата на судовите и носителите на

правосудни функции. На крајот од краиштата, социјалните медиуими претставуваат значителен дел од современото живеење. Бланко поучување на судиите едноставно „да се држат подалеку од социјални медиуми“ не е реална опција во сегашно време. Токму затоа, нудиме основен сет од препораки коишто судиите може да ги следат со цел правилно да ги користат социјалните медиуми.

Овој документ е релевантен како за судиите поединци кои се активни на социјалните медиуми, така и за оние кои се одговорни за утврдување на домашните стандарди за однесување на носители на правосудни функции вклучувајќи: членови на правосудни совети, претседатели на судови, членови на здруженија на судии и сите останати членови на правосудството коишто го регулираат користењето на социјалните медиуми од страна на судиите.

Важно е да се нагласи дека овие Упатства се однесуваат на користење на социјалните медиуми од страна на судиите како поединци, а не се однесуваат на спецификите за користење на социјалните медиуми од страна на судовите, министерствата или домашното правосудство. Иако Упатствата обезбедуваат релеванатни информации за оние кои креираат политика за пристап до информации за судскиот системи, институционалниот пристап за користење социјалните медиуми од страна на судовите и министерствата нужно ќе се разликуваат, земајќи ги во предвид потребите и целите за едуцирање и информирање на јавноста за тоа како ефикасно да пристапат и да ги користат судските системи, обезбедувајќи транспарентност и јавна доверба во институциите и вести за значајни настани.

При изработка на овој документ, Институтот CEELI и Мрежата на судиите наведоа широк спектар на материјали и извори на информации, вклучувајќи и политиките на социјалните медиуми и препораки од меѓународните организации. Листата на референци е дадена на крајот од овој документ. На крајот, напомнуваме дека овие Упатства се замислени како начела за насочување и како такви не претставуваат „најдобра пракса“. Платформите на социјалните медиуми постојано се менуваат, така што „најдобрите пракси“ ќе продолжат забрзано да се развиваат напоредно со развојот на платформите.

Пред да преминеме на сетот практични препораки, важно е да се нагласи дека однесувањето на судија на социјален медиум секогаш треба да биде во согласност со Бенгалорските начела за однесување на судија[1] и со други постоечки меѓународни стандарди, како и единствените национални кодекси за судиска етика. Исто така, одговорност на националното правосудство е да утврди јасни правила што треба да се применуваат во случај судијата да не ги исполнува поставените етички стандарди.

***Christopher Lehmann***
***Извршен директор, Институт CEELI***

[1] БЕНГАЛОРСКИ НАЧЕЛА ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА СУДИИТЕ (THE BANGALORE PRINCIPLES OF JUDICIAL CONDUCT, (The Bangalore Draft Code of Judicial Conduct 2001 adopted by the Judicial Group on Strengthening Judicial Integrity, as revised at the Round Table Meeting of Chief Justices held at the Peace Palace, The Hague, November 25-26, 2002, https://www.unodc.org/pdf/crime/corruption/ judicial_group/Bangalore_principles.pdf).

## ПРЕГЛЕД НА ПРЕПОРАКИТЕ

### 1. *Достоинствено претставувајте го судството во СИТЕ содржини на социјалните медиуми*

Секогаш задржете го професионалниот тон и бидете свесни за вашата улога на судија, дури и кога станува збор за објави во личен контекст. Секој што работи во правосудството, мора да внимава за она што го пишува и објавува на Интернет, без оглед дали тоа го прави преку електронска пошта, СМС порака или пост на социјалните медиуми, бидејќи дигиталните содржини се лесно и широко достапни и може да влијаат врз вашата работа на многу начини.

### 2. *Никогаш не ги коментирајте тековните предмети*

Во согласност со Бенгалорските начела, коментирањето на пресудите или тековните предмети е особено чувствително, затоа што може да предизвика сомнеж во непристрасноста и објективноста на судијата и на судскиот систем.

### 3. *Не користете социјални медиуми за да истражувате странки*

Судиите мора да ги земаат предвид само доказите што се предложени од странките како и сите факти кои на пропишан начин му се предочени на судот. Судиите не би требало самостојно да истражуваат факти за предмет на начин различен од законски предвидениот начин.

### 4. *Внимавајте кого прифаќате како „пријател“ и што и кого „лајкувате“*

Кога се склучуваат пријателства со некого на социјалните медиуми или се „лајкува“ определена објава, носителите на правосудна функција мора да внимаваат да не ја загрозат својата неутралност. Интеракцијата на социјалните медиуми може да создаде перцепција за пристрасност, дури и кога таа не постои.

### 5. *Одбегнувајте политички и комерцијални коментари*

Судиите треба да се воздржат од политичко дебатирање и јавно изнесување на своите политички ставови.

### 6. *Прилагодете ја и следете ја вашата онлајн видливост*

Редовно прегледувајте го вашето присуството на Интернет мрежата и прилагодете ги по потреба поставките за приватност.

### 7. *Заштитете ги вашите лични податоци*

Размислете внимателно пред да објавите било какви лични податоци. Откако еднаш ќе објавите лична информација на Facebook или која било друга социјална мрежа, тешко ќе можете да ја задржите како приватна. Ваквите лични податоци остануваат трајно присутни и можно е да бидат обновени, разменети или печатени, дури и неколку години по нивното испраќање или објавување на Интернет.

### *8. Едуцирајте го вашето семејство и пријателите*

Разговарајте со семејството и пријателите за да бидете сигурни дека и тие ја разбираат чувствителноста на судиската работа што ја вршите и потенцијалните последици од нивно постапување на Интернет доколку обелоденат лични податоци или фотографии кои би можеле да бидат поврзани со вашиот профил.

### *9. Користете ги социјалните медиуми за едуцирање на јавноста*

Платформите за социјални медиуми може да се користат како позитивна алатка за вклучување и едукација на јавноста, промовирање транспарентност, застапување, појаснување на важноста на работата на судството и обезбедување информации за активностите на правосудните институции. Многу судии од Централна и Источна Европа, па и пошироко, успешно ги користат социјалните медиуми за оваа цел.

### *10. Континуирано едуцирајте се за социјалните медиуми*

Социјалните медиуми ќе бидат присутни и во иднина, поради што судската обука и континуираната едукација и обуки за користење на социјалните медиуми ќе биде сé порелевантна. Помеѓу другото, судиите мора да бидат запознаени со начинот на функционирање на социјалните медиуми бидејќи нивното користење ќе добива на значење во предметите за коишто ќе треба да одлучуваат.

# ПРЕПОРАКИ ЗА СУДИИТЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ

## 1. Достоинствено претставувајте го судството во СИТЕ содржини на социјалните медиуми

Замаглената линија помеѓу јавниот и приватниот живот е една од карактеристиките на интеракцијата на социјалните медиуми. Неформалното дружење со семејството и пријателите стана дел од јавната сфера, особено кога фотографии и коментари се објавуваат на Интернет. За разлика од електронската пошта коишто се разменуваат меѓу две лица, многу е потешко да се контролира комуникацијата во опкружувањето на социјалните медиуми, бидејќи тие се поотворени спрема јавноста. Секој кој работи во правосудството мора да води сметка што пишува и што објавува на социјалните медиуми, без разлика дали го прави тоа преку електронска пошта, СМС порака или објава на социјалните медиуми, затоа што дигиталната содржина е лесно и широко достапна и може да влијае врз неговата работа на многу начини.

- Судиите треба да одлучат во каква улога, дали професионална или лична, ќе се појават на социјалните медиуми

    - Дали сакате да се вклучите на професионален план и да дадете експертиза? Некои судии успеваат во ова, но други не успеваат.
    - Дали сакате да објавите каква функција вршите во судството? Во ваков случај, дали има упатство во вашата институција за тоа како да ја презентирате вашата професионална улога?
    - Дали ќе ги користите социјалните медиуми само за лични цели, за да бидете во неформална и лична поврзаност со вашето семејство и пријателите?
    - Или едноставно сакате пасивно да учествувате на социјална мрежа како набљудувач којшто не објавува никакви содржини (вклучително и коментари за минатото на другите членови на таа мрежа)?

- Одлучете како ќе се претставите на вашиот профил. Не се работи само за впечатокот кој го оставате, туку и за потенцијалните далекусежни последици од вашите активности.

    - Дали ќе се појавите со вашето вистинско име и презиме или под псевдоним? Имајте предвид дека мрежи не дозволуваат користење псевдоними бидејќи нивната употреба ги крши условите за користење на мрежата (на пример, Facebook бара од корисниците да креираат профили користејќи го нивното вистинско име). Исто така, ако вашиот псевдоним е подоцна откриен, може да му наштети на вашиот углед.
    - Дали ќе користите лична фотографија или слика од цвет, животно или карикатура? Бидете внимателни при изборот. Додека личната фотографија ве изложува на можноста да бидете лесно препознаени, имаше случај со судија во Хрватска кој како профилна слика на Facebook користел лик од цртан филм, а адвокат кој застапувал една од странките во кривична постапка, побарал разрешување на судијата бидејќи сметал дека таква профина слика е несоодветна.

- Задржете професионален тон. На јасен начин обзнанете дека вашите лични размислувања кои ги објавувате не го одразуваат ставот на институцијата во која работите, ниту на било каков начин се поврзани со предметите по кои постапувате. Сепак, дури и ваквото укажување може да не биде доволно за да гарантира дека вашите изјави нема да бидат сфатени како одраз на вашиот службен став. Можете со сигурност да претпоставите дека доколку ставите „судија“ или „обвинител“ пред вашето име, вашите објави ќе бидат сфатени како ваш службен став и став на институцијата во која работите.

- Ако вашите објави се посветени на подигање на свеста за правни прашања, одлучете дали ќе ги користите истите комуникациски канали и за приватни објави, вклучително и за коментари или слики за спортски, културни настани, политика, општествени трендови и семејни настани. Мешањето на професионалното со личното може да биде збунувачко за оние кои ве следат на социјалните медиуми, но исто така може да помогнат во обликувањето на сликата за вас како „вистинска личност“, а не како оддалечен симбол на правосудниот систем, навидум недопирлив за останатите членови на општеството во кое живеете.

- Одбегнувајте постирање на приватни објави во текот на работното време, бидејќи на сите објави стои времето на објавување. Доколку судијата своето работно време го поминува на социјалните медиуми наместо да ги извршува судиските задачи, се изложува себеси на мета на јавно критикување.

- Однесување кое се смета за несоодветно и кое не би се толерирало или не би се препорачало во ситуации и интеракции во реалниот свет, не се препорачуваат ниту во виртуелниот свет, дури ни во поприватна комуникација преку „Facebook Messenger“ или друг канал за директна комуникација. Секоја дигитална комуникација може лесно да се сочува и да се сподели.

- Судиите треба да одбегнуваат несоодветни или непристојни изрази и вулгарности, сатирични изрази, сарказам или иронични критики, коишто може да доведат до нарушување на интегритетот на судијата. Како што е наведено и во Препораката на Здружението на судии на Чешката Република (Додаток II), објавите на судиите на социјалните медиуми, треба да бидат конзистентни со достоинството на судиската функција и не би смееле да предизвикаат критики поврзани со непристрасноста и независноста на судијата. Негативната перцепција може да му наштети не само на судијата како поединец, туку и на целата судиска заедница.

- Фотографиите и коментарите кои се објавуваат на Facebook или други социјални медиуми, вклучително и при користење апликации за запознавање, треба да се пристојни и учтиви. Најбезбедно е да го почитувате правилото за објавување на оние постови, мислења или фотографии што би биле соодветни за поставување и на насловна страница на реномирани дневни весници или би биле емитувани во ударни термини на националната телевизија[2]!

[2] Ksenija Renková, Communication Expert, Jupiter Strategic Communication, Remarks at the Launch of the Global Judicial Integrity Network, Vienna, April 2018

## 2. Никогаш не ги коментирајте тековните предмети

Следното Бенгалорско начело се однесува на сите форми на комуникација вклучително и на социјалните медиуми: „Судијата нема свесно, во период кога се спроведува постапка или во предмет во кој би можело да се претпостави дека ќе постапува, да дава коментари од кои може оправдано да се очекува дека ќе влијаат врз крајниот исход од постапката или ќе го нарушат принципот на праведност на постапката. Исто така, судијата не смее јавно или на друг начин, да дава свој коментар што би можел да влијае врз праведноста на постапката во однос на било која личност или прашање“.

- Коментирањето на пресудите или тековните предмети е особено чувствително прашање бидејќи може да предизвика сомнеж во непристрасноста и објективноста на судијата и судскиот систем.

- Ако фотографирате заради јавно објавување на социјален медиум, имајте предвид дека современите  камери регистрираат многу повеќе детали отколку што е видливо со голо око на вашиот мобилен телефон. Повеќето социјални мрежи овозможуваат преземање на објавени фотографии, лесне се зумира и стануваат видливи деталите, вклучувајќи ги документи од вашето работно биро, имиња од приватни документи кои се наоѓаат во вашата канцеларија и други информации за идентификација. Дури и ако немате намера да откриете доверливи информации од судски предмет, постои можност за тоа при објавување на фотографија.

## 3. Не  користете социјални медиуми за да истражувате странки

Судиите не би требало самостојно да истражуваа факти за предмет на начин поинаков од законски пропишаниот. Ова правило ги опфаќа и информациите достапни во сите медиуми, вклучувајќи ги и електронските медиуми.

- Судиите мора да ги имаат предвид само доказите презентирани од странките, како и сите факти кои му се предочени на судот на пропишан начин.

- Судиите треба да се воздржат од истражување на социјалните медиуми, на дополнителни информации за странки или адвокати во предмети по кои постапуваат

- Имајте во предвид дека некои социјални платформи, како што е LinkedIn, им овозможува на корисниците да видат кој го видел нивниот профил. Не претпоставувајте дека можете анонимно да ги користите социјалните медиуми.

- Ако некој ви испрати приватна порака преку социјален медиум или на вашата официјална емаил адреса, особено ако во тој момент  постапувате во предмет на таа личност, треба да го предупредете испраќачот дека таквата комуникација е недозволлива. Исто така, веднаш информирајте ги надлежните органи дека дошло до ex-parte комуникација. Се препорачува

[3] THE BANGALORE PRINCIPLES OF JUDICIAL CONDUCT, види фуснота 1 погоре во текстот.

и да се приложи соодветна документација, како и да се воздржите од понатамошна комуникација со таа личност. На овој начин ќе го заштити вашиот интегритет и угледот на правосудната институција.

## 4. Внимавајте кого прифаќате како „пријател“ и што и кого „лајкувате“

Одредени комуникации преку социјалните медиуми може да создаде ненамерен однос меѓу личност од правосудството и трета страна Сеуште траат дискусиите дали еден судија треба да се спријателува на социјален медиум со адвокати, обвинители или други лица кои се застапници на странки. Прифаќајќи и прогласувајќи некого за пријател на социјален медиум, не значи и дека судијата таа личност вистински ја има запознато во реалниот живот, ниту пак дека меѓу нив постои некој подлабок однос. Сепак, носителите на правосудните функции треба да внимаваат да не ја загрозат својата неутралност и да дозволат интеракција на социјален медиум да создаде перцепција на пристрасност дури и кога до интеракција не дошло.

- Воглавно, судиите би требало да бидат внимателни и селективни при бирање ,,пријатели,, на Facebook. Во повеќето случаи, судиите не би требало да се пријатели со адвокати, полицајци и други личности кои како странки се појавуваат во предметите во кои редовно постапуваат. Помалку грижи постојат кога судијата има „пријатели“ на Facebook, но не им дозволува да вршат било какво влијание. Ако на социјален медиум постои пријателство со некој што подоцна станува инволвиран во некој случај, се препорачува за ова да направите службена белешка[4].

- Особено внимавајте кога „лајкувате“ или „следите“, одредена политичка група, религиозна група, содржина од медиум или друга Facebook страница, којашто може да создаде негативна перцепција во јавноста за вашата независност. Организациите, институциите и луѓето кои ги лајкувате или следите се видливи за јавноста.

- Во секој случај, одбегнувајте „лајкување“ или „следење“ на непримерни страници преку кои се промовира расизам, омраза, хомофобија, нетрпеливост, нетолеранција или било какви други предрасуди.

## 5. Одбегнувајте политички и комерцијални коментари

Судијата секогаш треба да внимава со коментарите на социјалните медиуми, вклучувајќи го и јавно изговорениот збор, да не го загрозат достоинството на судиската функција. Ако се доведе во прашање неговата репутација, се нарушува довербата на јавноста во правосудниот систем и личната непристрасност и независност на судијата.

- По правило, судијата не смее јавно, на било која платформа од социјален медиум, да ги изнесува своите политички ставови, освен кога е за прашања поврзани со правосудството. Ваква постапка може да го доведе во ризик и да му се приговара за пристрасност, посебно ако судијата треба да одлучува за работи поврзани со политичка партија, движење или политичко прашање.

[4] Мислење на Советодавниот одбор за судска етика во Јужна Каролина, Кентаки и Охајо

- Исто така, препорачливо е воздржување од политички дебати. Ако судија учествува во размена на политички мислења на платформа на социјален медиум, дури и како неутрална страна, неговата објективност се доведува во прашање доколку ја поврзат со таквиот разговор, што потоа индиректно или директно ја дискредитира објективноста на целиот правосуден систем.

## 6. Прилагодете ја и следете ја вашата онлајн видливост

Секоја социјална мрежа има своја политика за пристап до објавена содржина, и уште пред да се користи, судијата треба да се запознае со овие правила, како и со правилата на други интернет-услуги што може да ги користи, како што е блогот и електронската пошта.

- Секогаш кога објавувате нешто на Интернет, најдобро е да се претпостави дека секој може да ја види објавата, бидејќи не можете да знаете дали други веќе го споделиле она што го објавувате со нивни пријатели во рамките на мрежата или надвор од неа. Сосема е вон ваша контрола дали, кога и во кој контекст вашиот пост ќе биде реобјавен некаде на интернет. Кога ќе ја избришете објавата, нема да биде видлива за вас или вашите пријатели на социјалната мрежа, но најдобро е да се претпостави дека објавата и понатаму може да постои некаде на интернет или дека и понатаму може да се појави при пребарување на интернет.

- На Facebook, објавувањата се ограничени на членовите на мрежата со можност за прецизирање на нивната видливост: како јавни објави, само за пријатели, само за пријатели со некои исклучоци или наменети само за една личност. Ако вашите објави на Facebook првично се означени како „јавни“ или достапни за сите членови на мрежата, а во одреден момент одлучите да го сменете статусот на вашите пораки во „приватни“, ваквата промена на статусот ќе се применува само на вашите објави од тој момент. Претходните објави и коментари и понатаму ќе бидат достапни секому на мрежата. Исто така, имајте предвид дека правилата на Facebook за содржините и поставките за приватност може да се променат во било кој момент. Истово важи и за други платформи.

- На Твитер, сите пораки се јавно достапни и за оние кои не се членови на оваа мрежа и објавите (твит-овите) може да се копираат и споделуваат преку електронска пошта или на друг начин, без знаење на лицето кое „твитнало“. Објавата (твит-от) на оваа мрежа може да го избришете, но никој не може да ви гарантира дека некој не го зачувал или пресликал (screenshot) од некого.

- Ви советуваме редовно да го пребарувате вашето име со помош на најчесто користените пребарувачи. Додека пребарувате, ќе можете да најдете интернет-натписи, статии и слики поврзани со вашето име; можете да видите дали сте објавиле нешто што сеуште е видливо или пак дали некој друг ве спомнал во рамки на некоја тема.

- Повремено, би требало да пребарувате и разлини платформи за да можете да видите дали се објавени ваши лажни профили. Ако некој го користи вашето име за лажно да се претстави или за да објави неточна информација

за вас, пријавете го ваквиот профил на адресата за контакт на давателот на услугата за конкретниот социјален медиум  на којшто е креиран вашиот лажен профил[5].

- Ако користете псевдоним, за да не ве идентификуваат, тоа не ви гарантира дека ќе останете анонимни. Имаше случај кога судија од Грција на својот блог под псевдоним објави расистички коментар, но нејзиниот идентитет набрзо беше откриен.

## 7. Заштитете ги вашите лични податоци

Откако еднаш ќе објавите ваш личен податок на Facebook или која било друга социјална мрежа, тешко ќе можете да ја задржите приватноста. Ваквите лични податоци остануваат трајно присутни и секогаш е можно до нив да се дојде, да се дистрибуираат или отпечатат и по неколку години откако ќе бидат објавени на Интернет.

- Креирање профил на социјална мрежа, вклучува пополнување и на основни лични податоци и информации, првенствено вашето име и електронска адреса. Сите социјални медиуми имаат свои правила според кои се бараат информации, а овде се мисли и на биографски податоци, пол, возраст и други основни информации и податоци за идентификација. На повеќето медиуми не е задолжително внесување на лични и професионални детали.

- Добро размислете пред да објавувите ваши лични податоци вклучително и ваша домашна адреса, семејни фотографии или информации за училиштето каде што учат вашите деца.

- Отварање електронска адреса или профил на социјален медиум вклучува и избирање на корицничко име и лозинка. Квалитетот на лозинката што ќе ја одберете е пресуден за зачувување на интегритетот на вашата комуникација. Кога избирате лозинка, одбегнувајте вообичаени зборови од речникот што го користете или карактеристични броеви како што се година или датум на раѓање, поштенски број или телефонски број. Никогаш не користете исти лозинки за пристап до различни интернет услуги; ако користете иста лозинка за да си го осигурате налогот, ако ви ја откријат лозинката на еден од налозите, на интернет напаѓачите ќе им ја олесните злоупотребата на повеќето ваши налози. Одбегнувајте да ги запишувате лозинките, особено не ги запишувајте на самолепливи ливчиња кои ги поставувате на видливи места. Со оглед дека не е лесно да се запомнат голем број различни лозинки, може да ги имате во обзир следните примери:

    - Користете  почетокот од стих на поема, поговорката или рима што ја знаете напамет;
    - Додадете израз што може лесно да го запомните и кој нема содржина/асоцијативна врска, нешто што е сосема вон контекст
    - Комбинација на големи и мали букви
    - Додадете броеви
    - Додадете специјални ознаки (#, &, /, $, %)

[5] Здружение на судиите на Чешка, Етички ограничувања на активностите на судиите на социјалните мрежи, 2017

- Доколку ви е достапно, размислете за користење на двофакторска автентификација (што се нарекува 2FA или „двофакторска автентификација“). Повеќето услуги на социјалните мрежи во денешно време се користат на начин да им се обезбедат на корисниците безбеден пристап. Покрај користење лозинка, може да користите и дополнителен код (број или комбинација од броеви и букви). Најчест начин е да ви биде испратен кодот со СМС порака на вашиот мобилен. Ако користете 2FA SMS, сим картицата заштитете ја со шифра (pin code). Со оглед дека телефоните а особено сим картиците сé повеќе се мета на напади, се препорачува да одберете друг метод за генерирање дополнителен код за дополнителна верификација на вашиот идентитет.

- Одбегнувајте употреба на јавни уреди, како што се компјутери на аеродромските терминали или рецепции  во хотели. Ако мора да користите вакви уреди, секогаш одјавете се после користењето на интернет-услугите. Дури и ако користите свои уреди, вклучувајќи лаптоп или мобилен телефон, препорачливо е да се одјавите и да го затворите пребарувачот. Идеално би било да одбегнувате користење уреди што не можете да ги контролирате, особено за пристап до било која ваша електронска пошта за службена употреба и банкарска сметка или профил на социјален медиум.

- Службените е-маил адреси се користат исклучиво за службена кореспонденција и за службени цели. За приватната комуникација со семејството и пријателите и за лични потреби  треба да  користите приватна е-маил адреса.

- Иако е се поголем бројот на емаил пораки кои шифрирано се пренесуваат помеѓу сервери, секогаш би требало да претпоставите дека содржината на е-маил пораката може да е достапна и за други. Ова особено се однесува на е-маил пораките упатени на службени или деловни е-маил адреси.

## 8. Едуцирајте го вашето семејство и пријателите

Судиите треба да бидат свесни дека дури и кога не се присутни на социјалните медиуми, членовите на нивните семејства или пријателите може да споделат фотографии или информации поврзани со нив а кои може да се злоупотребат или со нив да се манипулира заради влијание или вршење притисок врз судијата.

- Членовите на семејството и пријателите на судиите би требало да ги почитуваат границите и да водат сметка да не ја загрозат вашата професионална непристрасност, интегритетот или достоинството преку објави на нивен налог на социјален медиум или на Интернет.

- Разговарајте со нив за да се осигурате дека тие ја разбираат чувствителноста на вашата судска функција и на потенцијалните последици од евентуални нивнои објави на Интернет.

- Побарајте од нив да не откриваат јавно ваши лични податоци, како што се адреси, фотографии од одмор или било кои други информации кои би можеле да се предмет на злоупотреба.

## 9. Користете ги социјалните медиуми за едуцирање на јавноста

Досега, само се осврнувавме на препораките за тоа што не треба да се прави на социјалните медиуми. Користењето на овие алатки и присуството на Интернет носи и бројни придобивки, особено за судиите.

- Социјалните медиуми се одлична алатка за вклучување на јавноста, промовирање на транспарентоста, појаснување на важноста на судската работа и обезбедување информации за судовите. Многу судии ширум Централна и Источна Европа, но и пошироко, успешно ги користат социјалните медиуми за вакви намени.

- Ако ги користете социјалните медиуми како начин за едукација, бидете свесни дека постои можност троловите (види го додатокот за дефиниција) да преформулираат на лошо сѐ што сте објавиле. Интеракцијата со тролот на Интернет ретко носи придобивки и честопати ќе резултира во дискусија која не води никаде За да се справите со троловите, секако дека е најдобро да ги игнорирате или да поставете ваши лични граници според видот на коментари што ќе ги прифатите или кои ќе дозволете да се објават на платформите на социјалните медиуми што ги користите.

- Платформите на социјалните медиуми исто така може да ги користат и групи или здруженија, а не само поединци. На пример, Здружението на судии може да одлучи да постави одредена страница на социјален медиум.

## 10. Континуирано едуцирајте се за социјалните медиуми

Социјалните медиуми и понатаму ќе бидат присутни и ќе продолжат да играат важна улога во општеството, политиката и во економијата. Судиите треба да бидат во тек со современите технолошки достигнувања, треба да се едуцираат за нивните функции и да го разбираат контекстот во кој се создаваат одредени технолошки спорови. Имајте предвид дека платформите и правилата што ја регулираат нивната употреба, ќе продолжат често да се менуваат[6].

- Судската обука и континуираната едукација за употреба на социјалните медиуми се од пресудно значење. Помеѓу останатото, судиите мора да бидат запознаени со функционирањето на социјалните медиуми затоа што прашањата во врска со нивната употреба ќе бидат сѐ повеќе релевантни во однос на предметите по кои постапуваат. Деталното познавање на опкружувањето на судиите, вклучувајќи ја меѓусебната поврзаност на технологијата на социјалните медиуми и законите, ќе ја зголемат јавната доверба и легитимитетот на судските институции и практиките во очите на јавноста[7].

[6] 10 Tips to Dealing With Trolls, Jonh Rumpton, 2015, https://www.forbes.com/sites/johnrampton/2015/04/09/10-tips-to-dealing-with-trolls/#14d484c54f42

[7] Tips for Dealing with Internet Trolls and Haters in Business, Carol Roth, https://www.carolroth.com/blog/tips-for-dealing-with-internet-trolls-and-haters-in-business/

- Правилата и натаму со текот на времето ќе се развиваат. Секогаш постапувајте со внимание и обидувајте се да се придржувате кон кодексот на однесување, кон домашните и меѓународни прописи, како што се Бенгалорските начела.

## КРАТКИ СОВЕТИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ВАШИТЕ АКТИВНОСТИ НА ИНТЕРНЕТ

Ако сте судија или судски службеник, многу е поважно да ги следите препораките за употреба на нови комуникациски технологии од оние што важат за просечните корисници. Придржувајќи се на овие препораки, се надеваме дека ќе бидете заштитени да не направите некоја честа грешка.

Интернетот обезбедува простор за поголема професионална продуктивност, подобрена видливост, обем и поширок ангажман низ целиот свет. Вашите активности на Интернет, сепак, не се само технички канал за комуникација во рамките на професионалниот или приватниот сектор, туку и одраз на вашата целокупна личност и мислења. Неопходно е да се разберат спецификите на ова опкружување, за да можете да ги вклучите во ефективната рамка на постојните правила за однесување и етиката. Оваа интеграција ја обезбедува вашата безбедност на Интернет и во реалниот свет.

Кога одлучувате да користите Интернет услуга, почитувајте ги следниве препораки:

- Мудро одберете давател на услуги на Интернет, имајќи ја предвид целта на вашите активности. Дали се тие професионални или приватни, или и двете?

- Запомнете дека содржината што ја внесувате (од алфанумерички податоци, до фотографии и видео клипови) од вашиот уред не е достапна само на тој специфичен уред, туку и за самиот оператор и потенцијално за другите корисници на истата услуга.

- Бришењето на внесената содржина или која било друга објава, не значи дека овие податоци се трајно недостапни за другите, или дека не можат да бидат пронајдени или следени од страна на вашиот оператор за услуги на Интернет, или од друг корисник, во оригинална или изменета форма.

- Запознајте се со основните карактеристики на давателот на Интернет-услугата што ќе го користите и имајте ги предвид општите препораки од вашиот провајдер на Интернет.

- Кога отворате кориснички профил (електронска пошта или профил на социјална мрежа), одлучете за:

    - Името на вашиот профил, кое не мора да биде идентично со вашето корисничко име. Ова е важно за вашиот (професионален и приватен) Интернет идентитет. Запомнете дека дури и ако користите псевдоними, мора да ги почитувате сите етички стандарди поврзани со вашата професија.

- Користете уникатни автентични информации.
- Одберете висококвалитетна лозинка што е безбедна (користете мали и големи букви, броеви, специјални знаци) и што лесно ќе ја запомните.
- Прочитајте ги сите безбедносни пораки од операторот на вашиот давател на Интернет услуги и потврдете ги само откако ќе бидете сигурни дека се автентични.

► Известете го вашиот давател на услуги на Интернет ако видите нешто што не е во согласност со вашиот онлајн идентитет или е поврзано со вашиот профил.

► Комуницирајте со колегите во судпт или со луѓе од приватната сфера на ист начин како и во секојдневниот живот. Чекај, и разгледај ги добрите и лошите страни пред да испратиш јавни или приватни пораки.

► Воздржете се од коментирање мислењата и дискусиите на другите учесници, особено ако забележите дека тие дискусии ја преминуваат дозволената линија. Бидете сигурни дека јавноста ве перцепира како почитувана личност, кога станува збор за комуникација.

► Пред да се вклучите во дискусија за тема што е моментално популарна, проверете дали е автентична и дека ги имате сите релевантни факти. Имајте на ум дека вашите коментари секогаш ќе имаат важен придонес за секоја дискусија.

► Повторете: Размислете пред да објавите!

► Обрнете посебно внимание на комуникациите на Интернет со колегите и потенцијалните или тековните клиенти. Веб-комуникациите сè уште се предмет на истите правила и регулативи како реалниот свет. Ако забележите дека некоја комуникација е несоодветна, завршете ја и известете некого за проблемот. На пример, мрежата на социјалниот медиум можете ја известите за инцидентот или давателот на услугата да го известите за потенцијалната несоодветна комуникација.

► Ограничете ја вашата употреба на Интернет услуги за време на работниот ден, со цел да одбегнете потенцијално негативно влијание врз извршувањето на вашата работа и на вашиот приватен живот.

► Целта е да ја контролирате вашата употреба на нови технологии, но не да го ограничите сопственото учество во социјалните комуникации, туку да го користите на најефикасен и позитивен можен начин.

# ПРИЛОГ I

## 1. Историја на социјалните медиуми

Раните мрежи на социјалните медиуми како AOL Chat Rooms, LiveJournal и MySpace се појавија кон крајот на 90-тите години. Тековните, популарни социјални веб-страници ги вклучуваат: Facebook, Twitter, LinkedIn, Instagram, Snapchat, YouTube, Google+, WeChat, Pinterest, Snapchat, Tumblr, Viber, WhatsApp, Wikipedia, Reddit, VKontakte во Русија, Weibo во Кина и други. Најголем поттик за социјалните медиуми дојде со воведување на паметните телефони, кои им овозможуваат на милијарди корисници беспрекорно да се поврзат на дневна основа, а од раната еволуција на социјалните медиуми, корисниците на Интернет континуирано го зголемуваат времето поминато на страниците на социјалните медиуми.

Придобивките од учеството во социјалните медиуми се проширија вон едноставното социјално споделување. Корисниците сега се фокусираат на градење углед, проширување на можностите за кариера и бизнис и остварување на приход.

До средината на 2018 година, глобалното население беше околу 7,6 милијарди луѓе, а 4,3 милијарди луѓе имаа пристап до Интернет. Во моментов, над 3 милијарди луѓе користат најмалку една социјална мрежа. Денес, социјалните медиуми се состојат од илјадници социјални платформи. Додека некои платформи на социјалните медиуми се попопуларни од другите, секоја платформа нуди нешто поразлично. На пример: Instagram ги погодува луѓето преку фотографија, а оние кои користат Instagram обично се на возраст под триесет и пет години. Луѓето над триесет и пет веројатно ќе го користат Facebook за да ги споделат своите лични искуства и да се поврзат со луѓе од нивниот социјален круг и пошироко. Twitter е совршен за оние што сакаат да комуницираат со кратки пораки од 280 карактери или помалку.

Само Facebook има над 2 милијарди корисници. Другите социјални медиуми ги таргетираат корисниците од одредени земји или области со јазична сличност со многу помал број корисници, но позначајно е влијанието врз локалното опкружување и населението на коишто им служи. На пример, руската мрежа Vkontakte (VK) брои 477 милиони корисници од делот од светот каде што се зборува Рускиот јазик, додека најпопуларната кинеска социјална мрежа, Weibo, има над 500 милиони корисници. Постојат стотици други социјални мрежи кои ги поврзуваат корисниците заинтересирани за специфични теми и области на интерес; иако помалку популарни во однос на употребата на членовите и социјалното влијание, тие сепак се корисни и важни.

## 2. Дефиниции

### 2.1 Дефинирање на социјалните медиуми

Иако социјалните медиуми ја променија индивидуалната и организациската комуникација, таа се разликува по многу нешта од комуникацијата и печатените медиуми (на пример, списанија и весници) или традиционалните електронски медиуми (како телевизијата). Овие разлики вклучуваат: квалитет, дофат, фреквенција, употребливост, непосредност и ефект. Социјалните медиуми имаат многу извори на

содржина и многу приматели на таа содржина, додека традиционалните медиуми како радиото или весникот имаат само еден извор а многу приматели. Најголемата разлика помеѓу традиционалните и социјалните медиуми е во тоа што социјалните медиуми им овозможуваат на сите да креираат и да ја споделат сопствената содржина, без разлика дали станува збор за блог, слика, видео или ажурирање на статусот. А заради влијанието и дофатот на интернетот, профилот на социјалните медиуми, блогот или каналот на YouTube може полесно да се пристапи отколку што е случајот со традиционалните медиуми во некои земји.

Wikipedia ги дефинира социјалните медиуми како: „интерактивни компјутерски посредувани технологии кои го олеснуваат создавањето и размената на информации, идеи, кариери и други форми на изразување преку виртуелни заедници и мрежи.“ Исто така забележува дека ,,Корисниците обично пристапваат до услугите за социјални медиуми преку веб-базирани технологии на работните компјутери, лаптопите, таблетите или паметните телефони. Кога се занимаваат со овие услуги, корисниците можат да создадат високо интерактивни платформи преку кои поединци, заедници и организации можат да споделат, колективно создаваат, дискутираат и менуваат содржини генерирани од корисници или претходно подготвени и објавени на Интернет.[8]“

## 2.2. Дефинирање на најчесто користените социјални медиуми

Следниве страници на социјални медиуми се особено популарни во Централна и Источна Европа:

***Facebook:*** е популарна, бесплатна социјална мрежа која им овозможува на регистрираните корисници да креираат профили, да поставуваат фотографии и видеа, да праќаат пораки и одржуваат контакти со пријателите, семејството и колегите. Facebook постојано се развива и во моментов е достапен на повеќе од 37 различни јазици. Тој нуди јавни содржини како што се:

- Marketplace – им овозможува на членовите да објавуваат, читаат и одговараат на класифицирани реклами.
- Групи – им овозможува на членовите кои имаат заеднички интерес да се најдат едни со други и да комуницираат.
- Настани – им овозможува на членовите да објават настан, да поканат гости и да следат кој планира да присуствува
- Страници – им овозможува на членовите да креираат и промовираат јавна страница која се однесува на  одредени теми.

Секој поединечен корисник може да ги уреди поставките за приватност и видливост (или невидливоста) на својата Facebook страница и објава. Сите интеракции се објавуваат во извор на вести кои во реално време се дистрибуира до пријателите на членовите.[9]

[8] https://en.wikipedia.org/wiki/Social_media
[9] Pedagogy of Social Sciences, MANGAL, S. K., MANGAL, UMA,  PHI Learning Pvt Ltd., 2018

Facebook воведе различни опции кои корисниците можат да ги користат за одговор на постовите. Врз основа на поставката за приватност на корисникот, другите можат да видат што ви се допаѓа сакал или на друг начин одговори на тоа. Ова прашање е многу важно кога се разгледуваат можните конфликти на интереси.

***Instagram:*** Instagram е социјална мрежа (сопственост на Facebook) за објавување на фотографии и видеа. Instagram има можност да примени голем број на филтри за фотографии за вашите фотографии да изгледаат попрофесионално. Корисниците можат да „лајкнат“ и да коментираат за објавите на другите корисниците и можат да ја синхронизираат објавената фотографија на Instagram, и веднаш да ја постават го на профилот на Twitter feed и/или на профилот на корисникот на Facebook. Врз основа на бројот на корисници (кој до до јуни 2019 година бил една милијарда), Instagram се позиционира како една од најпопуларните социјални мрежи.[10]

***LinkedIn:*** LinkedIn е социјална мрежа наменета за професионалци да ги претстават своите лични деловни профили. Ви овозможува да поставите профил што ќе го презентира вашето образование, професионалните квалификации и членство во професионални групи и здруженија. LinkedIn профилите во основа се професионална биографија што им дава преглед на деловните соработници на корисниците, тековни ангажмани за клиенти и информации за контакт. Корисниците на LinkedIn можат да изградатат мрежа на професионални контакти со други луѓе во своето работно опкружување. Корисниците можат да станат членови на разни професионални/ тематски групи на LinkedIn, кои служат како платформа за размена на мислења за разни професионални теми.

***Tinder:*** Ниту една дискусија за социјалните медиуми не би била комплетна без упатување на апликациите за дружење, што  често ги користат и судиите. Една од најпопуларните апликации во моментов е TInder – мобилен апликација за запознавање базирана на локација која им овозможува на корисниците да го создадат својот профил, да објават слики и додадат опис. Откако ќе го создадат својот профил, корисниците можат да „се допаднат“ (повлечете десно) или „не им се допаѓаат“ (повлечете лево) на други корисници. Исто така, им овозможува на корисниците да разговараат ако и двајцата корисници „се допаѓаат“ едни со други во апликацијата. Информациите што им се достапни на корисниците се засноваат на преземените слики и од кратката биографија која корисниците ја пишуваат. Иако не е наша намера да ги советуваме судиите или да ја регулираме нивната употреба на оваа и другите апликации, тие треба да имаат во предвид дека тие претставуваат уште една форма на социјално вмрежување. Постојат уште многу други апликации за дружење, вклучувајќи Match.com, Badoo, Grindr и Bumble, но Tinder се чини дека е најпопуларен. Судиите очигледно треба да бидат особено внимателни и разумни во однос на информациите што ги даваат за себе и фотографиите што ги објавуваат на овие платформи.

***Twitter:*** Twitter е социјален медиум за објавување пораки до 280 букви и броеви. Исто така  овозможува да објавувате фотографии и линкови до други страници и да примате пораки од следбениците. Популарната опција на Твитер е „retweeting “ или повторно објавување на „твитовите“ на друг корисник. „Hashtags“ може да се користи за да се следат колку луѓе „твитнале“ или објавиле одредена тема, а Twitter ги наведува

[10] The Psychology Behind Why Instagram Is So Addictive, Drake Baer, 2014, https://www.businessinsider.com/psychology-of-why-instagram-is-addictive-2014-11

најпопуларните теми на денот како „Trending Topics“. Во некои земји, Twitter важи за мрежа преку која побрзо се собираат информации. Twitter исто така од неодамна се користи како алатка за организирање на бројни социјални и политички настани на високо ниво низ целиот свет.

## 2.3. Опасни алатки на социјалните медиуми

Социјалните медиуми можат да бидат предмет на широк спектар на злоупотреби и манипулации. Некои од овие слабости се:

***Kyborg:*** Киборзите во контекст на социјалните медиуми, се или луѓе помогнати од роботи или роботи помогнати од човекот.[11] Конкретен пример за киборг во контекст на социјалните медиуми е човечко суштество кое регистрира корисничка сметка за која поставува автоматски програми за објавување, како што се „твитови“ за време на неговото отсуство. Одвреме навреме, човекот учествува „твитува“ и комуницира со пријателите. Киборзите се разликуваат од ботови, затоа што ботовите користат автоматизација, додека киборзите имаат карактеристики и на човечко и на автоматско однесување. За жал, киборзите нудат единствени можности за ширење лажни вести. Додека киборгот се обидува да се претстави себеси како човек, што вклучува број на пријатели или следбеници кои се чинат реални и понатаму многу од овие кориснички сметки користат „фарми за пријатели“ (friend farms) за да соберат голем број пријатели за краток временски период.

***Лажни вести:*** Лажните вести и пропагандата се стари колку и човештвото. Сепак со пристапот до јавниот Интернет и брзината на споделување информации на социјалните мрежи, ова несомнено стана поопасно. Постојат пет категории што колективно се нарекуваат „лажни вести“.[12] Некои категории на вести се лажни (дезинформации), додека други се припишуваат на пристрасни информации (погрешни информации). Како и да е, сите тие имаат многу лабава врска со вистината и во основа постојано имаат намера да измамат. Подолу се примери на форми во кои се појавуваат лажните вести:

- Збунувачки вести што се полувистина, но се користат во погрешен контекст, извадени од селективно избрани вистински факти што треба да бидат прикажани во насловите на весниците и имаат тенденција да ги толкуваат погрешно фактите за некој настан.

- Наводно известување што содржи зрно вистина, но не е целосно проверено и кое потоа се користи за поддршка на одреден став или гледиште.

- Збунувачки вести што не се засноваат на факти, но кои поддржуваат тековната приказна. Ова вклучува вести кои немаат никаква основа во фактите, честопати кога станува збор за идеологии или мислења кои се судираат и кога се појавува несвесни пристрасност. Теориите на заговор генерално спаѓаат овде.

---

[11] Detecting Automation of Twitter Accounts: Are You a Human, Bot, or Cyborg? Chu, Z., Gianvecchio, S., Wang, H., & Jajodia, S. (2012). IEEE Transactions on Dependable and Secure Computing, 9(6), 811-824. https://ieeexplore.ieee.org/abstract/document/6280553

[12] Source: 5 Types of ‚Fake News‘ and Why They Matter, Nicola Watts, https://web.smu.edu.sg/spring/5-types-of-fake-news-and-why-they-matter/

- Намерно измамнички вести што биле измислени намерно за да заработат пари преку бројот на кликови, да се предизвика забуна или незадоволство, или заради целта на сензационалистички пропаганди. Овие приказни обично се дистрибуираат преку лажни веб-страници (eng. Imposter news sites) кои се дизајнирани да изгледаат како „вистински“ брендови или преку веб-страници со лажни вести. Тие често користат видео и графички слики кои се на некој начин манипулирани.

Лажните вести често се користат за да се дискредитираат политичките или деловните противници. Една лажна вест беше објавена од веб-страница дизајнирана да личи на ABC News непосредно пред претседателските избори во 2016 година, со наслов: „Обама потпиша извршна наредба со која се забранува свечена заклетва во училиштата низ целата земја“. За само два месеци оваа „вест“ имала над 2,1 милиони споделувања, коментари и реакции.

***Bot:*** „Bot е автоматизирана апликација која се користи за извршување едноставни и повторливи задачи кои на човек му одзимаат многу време, здодевни се или е невозможнио да се извршат. Ботови можат да се користат за продуктивни задачи, но тие често се користат и за злонамерни цели“.[13] Социјалниот бот е посебен вид бот кој се користи на мрежите за социјални медиуми за автоматско генерирање пораки (на пример, твитовите) или се застапуваат одредени идеи, поддржуваат одредени кампањи и влијаат врз реакцијата на јавноста со тоа што делуваат како „следбеник“ или дури како лажен профил што има своја придружба. Се проценува дека 9-15% од активните кориснички сметки на Twitter би можеле да бидат социјални ботови,[14] и тоа 15% од вкупниот број на твитерџии кои биле активни во дебатата за претседателските избори, во 2016 година, во САД биле всушност ботови.[15] И за време на гласањето за Brexit во 2016 година, според економската студија,[16] ботовите доддале 1,76 процентни поени на гласовите за излез од ЕУ, бидејќи Велика Британија оценуваше дали ќе остане или не во Европската Унија.

***Troll:*** Трол на Интернет (cyber-малтретирање, компјутерски напади) е лице кое предизвикува кавги или малтретира луѓе преку Интернет за да го одвлече вниманието и да шири раздор. Во студијата од 2016 година за Центарот на НАТО за извонредност за стратегиска комуникација за хибридна војна се забележува дека, на пример, украинската криза „покажа дека се користат лажни идентитети и сметки за ширење приказни преку социјалните медиуми, блогови и веб-коментари за манипулирање, малтретирање или измама на противници“.[17]

***Viral:*** Објави или веб-страници на социјалните мрежи кои се здобиваат со популарност и ги споделуваат со голем број корисниците и повторно споделени од нивните контакти станува „viralni“. Аналогијата е во вирусна заразна болест која брзо се шири од една

---

13 https://www.techopedia.com/definition/24063/internet-bot

14 „Online Human-Bot Interactions: Detection, Estimation, and Characterization“, Varol, Onur; Emilio Ferrara; Clayton A. Davis; Filippo Menczer; Alessandro Flammini (2017). Proc. International AAAI Conf. on Web and Social Media (ICWSM).

15 Social bots distort the 2016 U.S. Presidential election online discussion, Alessandro Bessi a Emilio Ferrara (2016-11-07), First Monday.

16 Authors of the study are Yuriy Gorodnichenko from the University of California at Berkeley and Tho Pham and Oleksandr Talavera from Swansea University in the U.K.

17 „Internet Trolling as a hybrid warfare tool: the case of Latvia“. stratcomcoe.org. Riga, LV: NATO Strategic Communications Centre of Excellence (published 28 January 2016). Archived from the original on 28 January 2016. Retrieved 28 January 2016

до друга личност. Повеќето социјални мрежи им дозволува на корисниците да ги преименуваат постовите или веб-страниците со едноставно кликнување на копчето „споделување“ (eng. share).

## 3. Влијанието на социјалните медиуми врз општеството

И покрај поврзувањето на огромен број луѓе, забележано е дека социјалните медиуми ги зајакнуваат постојните социјални групи и поделби. Социјалните медиуми им овозможуваат на луѓето да формираат ефект познат како „Ехо комора“ што ги отфрла информациите што ги оспоруваат нивните ставови. Селективна изложеност главно се однесува на тенденцијата на луѓето да фаворизираат информации што ги зајакнуваат нивните идеи и ги отфрлаат информациите што се спротивставуваат на нивните идеи.[18] Како што технологијата станува се повеќе персонализирана, расте селективната изложеност, што потоа доведува до идеолошка поларизација.

Неодамнешно истражување спроведено од Универзитетот Бланкерна[19] во Шпанија покажа дека социјалните медиуми и медиумите воопшто, имаат моќ да ги засилат стереотипите не само кај децата, туку и кај луѓето од сите возрасти.

Интернет активистот Ели Парисер го измисли филтерот ***bubble,***[20] за интелектуална изолација што може да настане кога алгоритмот на Web-страницата селективно претпоставува какви информации сака корисникот да види врз основа на информациите за корисникот, како што се локацијата, претходното однесување и кликање, и историјата на пребарување. Како резултат на тоа, корисниците имаат помалку пристап до информации што ги оспоруваат нивните ставови, ефективно изолирајќи ги во свој културен или идеолошки облаци (eng.bubble).[21]

## 4. Социјалните медиуми во политиката и во јавниот живот

Брзото ширење на информации на социјалните медиуми може брзо да влијае врз политичките и јавните личности независно дали информациите се вистинити или не. Социјалните медиуми се отворен форум што на секој му дава глас да зборува против владините режими и одредени јавни личности, вклучително и судиите. „Социјалните медиуми стануваат главниот канал за социјална мобилизација и критика на владата затоа што владата не може да контролира што зборуваме на Интернет“.[22]

Комуникациските платформи се уверливи и честопати влијаат врз политичките погледи заради изобилството на идеи и мислења кои кружат низ платформата на социјалните медиуми. Помладите генерации сé повеќе се вклучени во политиката и јавниот живот, вклучително и во испитување на политиката и улогата на судството, покрај порастот на политичките вести објавени преку разни социјални мрежи. Иако е важно да се информираат помладите генерации за политички прашања, може да има многу пристрасност во сферата на социјалните медиуми. Може да биде тешко за аутсајдерите

[18] Selective Exposure, Jonathan L.Freedman, David O.Sears, https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S0065260108601033#fn1

[19] Díaz-Fernández, Antonio M.; del-Real-Castrillo, Cristina (2018-07-01). Spies and security: Assessing the impact of animated videos on intelligence services in school children. Comunicar (ve španělštině). 26 (56): 81–89. doi:10.3916/c56-2018-08. ISSN 1134-3478.

[20] https://www.ted.com/talks/eli_pariser_beware_online_filter_bubbles/transcript

[21] https://en.wikipedia.org/wiki/Filter_bubble

[22] Social media, World Heritage Encyclopedia, Article Id: WHEBN0005897742

вистински да ги разбираат причините за разликите во мислењето затоа што тие не се директно вклучени, а социјалните медиуми можат да создадат лажно чувство за разбирање токму кај луѓе кои не се директно вклучени во конкретни теми.

## 5. Сопственици на податоци на Интернет

Кога користиме една од бесплатните услуги за е-пошта (Gmail, Yahoo, итн.), претпоставуваме дека сите испратени и примени пораки се видливи само за нас и за нашите адреси. Меѓутоа, нашата е-пошта се наоѓа и на серверите, во она што е познато како „облак " што ја овозможува ИТ инфраструктурата која овозможува масовно чување и складирање на податоци. Оваа инфраструктура се наоѓа во големи компјутерски центри ширум светот, на повеќе места во исто време.

Вашите пораки се „приватни" затоа што нема да бидат испратени на било која адреса туку на адресата што ја сакате. Сепак, содржината на вашите пораки е достапна за сопствениците на сервери кои ги користат за да ви обезбедат прилагодено корисничко искуство. Рекламите што ги добивате одговарат на вашиот вкус, и информациите за локациите што сте ги посетиле се складирани за да се искористат подоцна.

Нашите приватни адреси се исто така зачувани во облакот, а нивниот интегритет зависи од јачината на нашата лозинка и од тоа колку е безбеден операторот  кој располага со наште податоци од надворешни напади.

Складирањето во облаци има предности поради можноста да се споделат и чуваат податоците преку платформите, но и недостаток затоа што некој друг би можел потенцијално да ја злоупотреби оваа опција и да го преземе вашиот список со контакти. Времето на физички адреси што можеа да се чуваат скриени од љубопитни очи одамна е поминато.

Податоците што ги оставаме користејќи различни мрежни услуги не се ограничени на биографски и контактни информации, туку вклучуваат и информации за целокупното однесување на една личност на Интернет. Тоа значи дека секоја активност (секој „клик") што ја преземате, започнувајќи од тоа која веб-страници ја посетувате и кои поими ги пребарувате, до секој „лајк" што ќе го кликнете и коментари што ги пишувате на социјалните мрежи. Сите овие информации континуинирано се користат во комерцијални цели како би се потполнил вашите кориснички профил.

Нашите податоци -адресари, е-пошта, објавувања на нашите профили на Интернет - се чуваат на нашите уреди. Кога го исклучуваме електронскиот уред, нашите виртуелни активности се одржуваат до следната употреба. Сепак, не сфаќаме дека камерата и микрофонот повремено се вклучуваат без наше знаење.

Дигиталните „траги" на вашите активности се чуваат произволно, а вашата способност да влијаете врз нив е минимална или воопшто не постои. Веројатно нема никогаш да дојдете во ситуацијата во која од вас ќе се бара да  ги повлечете, избришете или промените таквите информации. Но, ако се најдете во таа ситуација, ќе видите дека сите популарни социјални мрежи се под јурисдикција на други земји, а копии од тие податоци се наоѓаат во неколку земји во исто време.

Бришењето на податоците на вашиот уред исто така може да овозможи нивно бришење од базата на податоци во која се чуваат (на пр. по 30 дена, во случај да се премислите), но дури и тогаш, не постои начин да се утврди дека податоците (изјави, фотографии) се целосно избришани и повеќе нема да се појавуваат. На пример, вашите „пријатели“ на социјалните мрежи би можеле да ги зачуваат вашите објави за подоцнежна употреба. Конечно, се поставува прашањето за сопственост на содржините на социјалните мрежи или на содржини кои настануваат со интеракција на социјалните медиуми. Сопственоста над содржина на платформите на социјалните мрежи отсекогаш е нејасна, затоа што ја генерираат корисниците а ја хостира компанија. Кон тоа се додава опасноста од безбедноста на информациите што можат да излегуваат во јавноста до трети страни или „паразити“ кои ги проверуваат податоците за потребите на сопствените бази на податоци. ***Моменталната состојба е таква што вистински сопственици на содржината креирана на страниците на социјалните медиуми се  големите корпорации кои ги поседуваат тие веб-страници, а ретко корисниците што ги создаваат.***

Застапниците на правата за приватност ги предупредуваат корисниците на социјалните медиуми да ги соберат своите лични информации. Некои информации може да се соберат без знаење или согласност на корисникот преку електронски мониторинг и апликации од трети лица. Податоците може да се соберат и за полициски или владини цели или преку шпионажа на социјалните медиуми користејќи техники на „рударство на податоци“.  Кога споделувате информации на социјалните медиуми, запомнете дека информациите не се повеќе приватни. Општо е познато дека е многу важно да се следи што споделувате и да бидете свесни со кого потенцијално би можеле да ги споделите тие информации. Некои корисници на социјални медиуми не го сфаќаат тоа дека секој надвор од нивниот круг на пријатели може да ги прочита нивните објави. Сепак, на некои социјални медиуми, освен ако корисниците не одберат повисоки поставки за приватност, нивната содржина автоматски се дели со широка публика. Откако нешто ќе се објави, достапноста на таа содржина останува константна дури и ако одбереме кој потенцијално ќе може да го види.

Повеќето корисници сакаат да започнат со користење на интернет услугата што е можно поскоро и да им ја дадат својата согласност за условите на користење без двоумење- а честопати и без да ги прочитаат условите, малку размислувајќи за последиците од правниот однос кој во таа прилика го склучиле. Препорачуваме носителите на судските функции да го прочитаат договорот за условите за користење на услугата и по разумно разгледување на условите и врз основа на информациите да донесуваат одлука за тоа како треба да постапат.

## 6. Прашања поврзани со приватноста на социјалните медиуми

Денес, во ерата на социјалните мрежи, се појавуваат проблеми кога комуникацијата која е од приватна природата - заради специфичноста на Интернет-медиумите - станува јавна. Во оваа ситуација важно е да се одлучи дали и како  ќе одговорите, како и да се земат предвид технолошките специфичности на секој комуникациски канал.

Важно е да се напомене дека разговорите преку Интернет најчесто се водат во писмена форма. Пишување текст (мислења и коментари) или објавување фотографија создава содржина што ќе биде достапна на која било заинтересирана страна. Секој „like“ или „retweet“, секој двонасочен коментар или само емотикони (на пример, смешковци) е всушност документ што ќе му го испратите на друго лице или ,‘интернет публика‘‘.

Ова содржината може да содржи ваш потпис, локација и уред што го користите. Забелешка дадена на пауза за кафе за време на конференцијата, пред неколку колеги веројатно нема да остане во свеста на повеќето слушатели подолго од крајот на тој работен ден. Истата забелешка испратена како е-пошта или tweet или статус на Facebook станува содржина што е архивирана за идна употреба и може повторно да се појави на начини на кој не сте очекувале години подоцна во еден сосема друг контекст.

Една од најголемите опасности во комуникацијата преку интернет е можноста за брзо реагирање или моментално поставување коментар на нечиј пост. Технологијата ви овозможува да ги искажете своите ставови скоро во реално време, како да разговарате лице в лице со личност. Важно е да се потисне притисокот  да одговорете веднаш, особено ако станува збор за дискусија што потенцијално би можела да доведе до расправија. Најлесен начин да ги контролирате вашите Интернет комуникации е да си дадете повеќе време да одговорите.

Ако не можете да се воздржите од одговор, тогаш напишете изјава веднаш, но не ја доставувајте. Почекајте до следното утро и кога повторно ќе го прочитате одговорот, најверојатно ќе ја промените пораката.

Во секоја ситуација, однесувајте се со почит и одбегнувајте да коментирате за трети страни, социјални проблеми, политички ставови, лични карактеристики итн. кој, дури и години подоцна, во други контексти, би можеле негативно да се одразат врз вас или врз вашата репутација. Истото важи и за фотографии/видеа. Фото албумот што сте го споделиле со пријателите и роднините на семејна средба може да има сосема поинакво значење ако еден ден (можеби години подоцна) се појави на насловната страница на таблоид или портал на Интернет. Обидете се со очите на другите да ја видите вашата објавена содржина.

## 7. Ризик од злоупотреба

Дури и ако сте ги примениле сите совети за избор на квалитетна лозинка, вашиот профил сè уште може да се злоупотреби. Напаѓачот може да ја пронајде вашата лозинка на различни начини, било преку малициозен софтвер инсталиран на вашиот компјутер или преку хакерски напад на вашиот Интернет провајдер. Еден од најозлогласените случаи беше нападот на Yahoo што компромитира повеќе од една милијарда корисници.[23] Доколку се сомневате дека вашиот профил на Facebook е злоупотребен, следете ги упатствата кои ги има подготвено Facebook за вакви случаи.[24] Истото важи и за сите други достапни интернет услуги за е-пошта до социјалните мрежи (Twitter[25], LinkedIn[26], Instagram[27], итн.).

Обично можете да избришете несакани коментари, но за тоа треба да го следите вашиот онлајн профил. Иако немате директна одговорност за коментарите на другите луѓе (кои се или не се на списокот на вашите пријатели), појавувањето на нивните коментари на вашиот профил може да укаже на блискост што би било неприфатливо за вас во некој друг контекст.[28]

23 https://yahoo.tumblr.com/post/154479236569/important-security-information-for-yahoo-users
24 https://www.facebook.com/help/hacked
25 https://help.twitter.com/en/safety-and-security/twitter-account-compromised
26 https://www.linkedin.com/help/linkedin/answer/56363/reporting-a-hacked-account?lang=en
27 https://help.instagram.com/149494825257596

Најтежок вид на злоупотреба е фалсификувањето на вашите пораки и објави, особено фотографии и видеа. Вие не можете да ги спречите овие случаи, но ако вашата претходна содржина на социјалните мрежи воспоставила одредена шема на однесување на Интернет, злонамерната измама може полесно да се побие. Затоа, е потребно да се интерпретираат националните кодекси на однесување (што спомнува „Однесување надвор од судот“) во кодекси кои се  однесуваат на виртуелни простори.

## 8. Примери на безбедносни поставки за кориснички профили на социјалните мрежи

***Facebook:*** Поставките за приватност во вашата сметка ви овозможуваат да контролирате кој ќе ги види вашите објави, кој може да испрати барање за „пријателство“, или кој може да ве означи кога ќе се појавите на фотографиите на другите членови на мрежата. Имајте во предвид дека не сите уреди ги поддржуваат сите опции (во зависност од верзијата на оперативниот систем и на уредот). Кога ќе одберете кој може да ги види вашите објави, можете да одберете една од следниве опции:

„Јавно“ - достапно за сите членови на мрежата
„Пријатели“ - достапно само за вашите пријатели
Пријатели освен - Достапни на вашите пријатели со исклучоци
„Одредени пријатели“ - достапни само за пријатели кои се на списокот
Само за тебе (само јас) - Достапно и видливо само за тебе
„Поединци“ - достапни на пријателите и листата што ќе ги одберете (на пример, семејство, блиски пријатели, познаници, колеги).

Кога ќе одберете поставки за една објава, тие остануваат исти за сите објавувања сѐ додека повторно не се променат. Исто така можете подоцна.да ја промените видливоста на објавата на „ѕидот“. Ако сте оставиле порака на ѕидот на ваш пријател, вашиот пријател тогаш може да го одреди нивото на видливост со прилагодување на поставките за приватност за објавување на неговиот/нејзиниот ѕид. Секогаш вклучете опции за предупредување за најавување така што секој пат кога некој ќе се пријави (дури и ако се најавувате од друг уред), вие да сте известени дека е овозможен пристап до вашиот профил. Обрнете особено внимание на апликациите што ви овозможуваат да се поврзете на вашиот профил на Facebook. Скоро сите вакви апликации бараат да им дозволите пристап до  вашите информации, како и ажурирање на вашите сметки и објави.

***Twitter:*** Twitter има некои корисни специјални опции за користење на вашиот профил.[29]

Известување[30] - Оваа опција ви дозволува на едно место (една линија информации) имате преглед на релевантни настани на линијата за tweet, како што се

- Кога ќе добиете нов следбеник
- Кога некој ќе ви го отвори твитот
- Кога некој ќе ве спомне во коментар („манипулирано“)
- Кога некој ќе ги објави вашите твитови

[28] Некои услуги постојат само за да ги следат избришаните пораки, како https://politwoops.eu/ кои можат да ги детектираат избришаните пораки помеѓу моментот кога објавувате нешто и вашето бришење.
[29] https://help.twitter.com/en/managing-your-account/understanding-the-notifications-timeline

Блокирање на други профили.[31] Оваа опција ви овозможува целосно да ги отстраните профилите што ве навредуваат (на Twitter) што значи дека нема да ги видите твитовите на избришаните лица, ниту пак ќе ја видат таа личност повеќе. Со блокирање на друг профил, вие престанувате да го следите и истовремено го спречувате сопственикот на тој профил да ве следи. Целта на оваа опција не е само да престанете да примате известувања или ажурирања за другиот профил, туку целосно да ги отстраните следбениците што не ги сакате.

Потврден профил - лажните профили се една од лошите страни на социјалните мрежи. Фотографија од вашиот профили може да биде преземена од друга мрежа. Вашето име може да се наведе веднаш до името на корисничкиот профил (можете да го манипулирате името на профилот, така што е доволно да го промените редоследот на буквите или да внесете број „1“ наместо буквата „л“). Вие не би биле свесни дека некој со многу сличен профил објавува твитови што може да ви се припишат - без разлика дали имате свој профил на Twitter или воопшто не сте регистрирани на Twitter. За борба против измамнички профили, Twitter воведе категорија „верифицирани профили“ кои можат да се препознаат по сината значка до името на профилот. Овие службени профили му докажуваат на персоналот и корисниците на Twitter дека вашиот профил е во јавен интерес и дека содржината и мислењето се на реален корисник (не некој што се преправа дека е тој корисник). Најчестите категории потврдени профили се оние чии сопственици се од областа на уметноста, јавната администрација, политиката, медиумите, спортот или бизнисот.

Покрај тоа, мора да обрнете внимание на други апликации кои бараат пристап до вашиот профил Twitter и други функции што сте ги активирале на вашиот профил.
Ако не разберете јасно што да правите, проверете ги нејчестите прашања на Twitter за нови корисници, центарот за помош на Twitter или често поставуваните прашања во апликацијата Twitter. Размислете за последиците и одлучете откако ќе станете свесни за употребата на собраните информации и условите на услугата.

***Instagram:*** Имате неколку опции за објавување поставки за приватност на вашиот профил:

> „Јавно“ - Секој може да започне да ве следи, да ги гледа и споделува вашите фотографии, видеа или објави.
>
> „Приватно“ - Вие одлучувате дали ќе им дозволите на другите корисници да ве следат или не. Ако сте носител на судска функција се препорачува поставките за приватност да ги поставите на „приватни“. Имајте предвид дека при објавување фотографии, мора да се придржувате кон посебните услови во согласност со етичкиот кодекс (овие информации можат да се најдат под „Упатство за заедницата“ (eng.Community Guidelines) во вашата апликација или коириснички профил. Секогаш имајте на ум дека објавените фотографии, наменети само за блиски „пријатели“, секогаш можат да бидат објавени каде што не очекувавте дека ќе се појават.

30 https://help.twitter.com/en/managing-your-account
31 https://help.twitter.com/en/using-twitter/blocking-and-unblocking-accounts

Дури и ако некое лице со правосудна функција нема свој профил на социјална мрежа, може да се појават лажни профили. Ова може да биде проблематично ако фотографиите се преземени од приватни извори. Судиите и обвинителите треба да бидат свесни дека можат да се најдат во ситуација да бидат подложени на лажни профили на социјалните мрежи.

***LinkedIn:*** Постојат две опции за објавување на вашиот профил на кои го повикуваме вниманието затоа што можат да имаат влијание врз вашата репутација:

> „Да ве информираме кога сте во веста“ - Оваа опција автоматски се вклучува кога создавате профил и ако го оставите вклучен секој пат кога ќе се појавите во вестите (медиуми) или блогови), сите ваши контакти ќе бидат известени. Од вас зависи  да одлучите дали оваа опција ќе нанесе штета на вашата репутација. Забележете дека „известувањата“ не ги одделуваат позитивите и негативните вести и дека сите ваши контакти ќе ги примат.
>
> „Спомнување од други“ - секој пат кога некој ќе ве спомне во нивниот пост се зголемува „Видливоста“ на вашиот профил. Вие не можете да гоконтролирате контекстот во кој некој ќе ве спомне, соодветно на тоа, користете своја одлука и одлучете дали сакате да ја исклучите или вклучите оваа опција.

# ПРИЛОГ II

## Упатства на Здружението на судии на Чешката Република

### Етички ограничувања на активностите на судиите на социјалните мрежи

На Годишната средба на Здружението на судии одржана на 5.11.2016 година во Микулово, Судот на честа на Здружението на судиите имаше задача да ги процени етичките ограничувања на активностите на судиите на социјалните мрежи (Facebook, Twitter, блогови, итн.) во однос на тоа до кој степен е ограничена слободата на говорот на судијата со неговата или нејзината функција.

Судот на честа на Здружението на судии работеше врз основа на донесените „Принципи за однесување на судиите“ кои се усвоени на Годишниот состанок на судската асоцијација (СА) на 26 ноември 2005 година (познат и како Етички кодекс).[33] Овој Етички кодекс генерално ги утврдува основните принципи на достоинство, непристрасност и независност во активностите и однесувањето на судијата. Сепак, овие принципи се од поопшта природа и не се занимаваат конкретно со активностите на судиите на социјалните мрежи. Затоа, Судот на честа ги искористи заклучоците и резултатите од дисертацијата на м-р Зденик Кчивка[34] со наслов „Судиите и социјалните медиуми“. Во пишувањето на своето мислење, Судот на честа исто така ја зеде предвид законската рамка што се применува за работата на судиите, особено најопштото ниво, членови 81 и 82 од Уставот, член 17 од Повелбата за основни права и слободи и дел 80 од Законот на судовите и судиите бр. 6/2002 (во натамошниот текст: ЗСС), и тешко е да се заклучи дека судијата би можел да ги прекршува своите законски обврски според горенаведените законски регулативи без да ги прекрши принципите на судската етика. Сепак, ова размислување не може да се примени во обратна смисла - ако судијата само го следи законот тоа не значи дека тој не ја нарушил судската етика. Видете, на пример, членството во политичка партија само по себе не претставува кршење на законот, но повторно не е во согласност со судската етика (овој заклучок беше претставен на Годишниот состанок на Здружението на судии одржан на 24 ноември 2007 година во Kroměříž).[35] Сепак, она што би претставувало кршење на законот (особено член 80 (4)) од ЗСС е кога судијата не само што би бил член на политичка партија или движење, туку би извршувал политичка функција во одредена политичка група т.е. кога тој би бил поактивен од обичен член.

За погоренаведената правна рамка, релевантни судски одлуки во врска со активностите на судиите на социјалните мрежи се: решението на Дисциплинската комисија на Врховниот управен суд бр. 11 Ксс 6/2015-53, од 6 јуни 2016 година (и што подоцна Уставниот суд го утврди со Одлуката бр. IV ÚC 2609/16 од 11 Април 2017 година),

[32] Точната формулација беше: „оцена на ограничувањето на етичките активности за судиите на социјалните мрежи (Facebook, Twitter, blogovi itd.) за да се оцени до која мера слободата на изразување на судијата е ограниена со неговата судска улога“.
[33] http://soudci.cz/o-nas/eticke-zasady-chovani-soudce.html
[34] KŘIVKA, Zdeněk. Sudije i društveni mediji Brno, 2015. Disertacija Univerzitet Masaryk, Pravni fakultet. Dostupno na: https://is.muni.cz/th/378547/pravf_m/DP_final_v1.0.pdf.
[34] Сепак, тој смета дека од етичка гледна точка, членството на судијата во политичка партија е несоодветно и дека е неприфатливо судијата да биде член на локална самоуправа“.

бр. 16 Ксс 7/2014 - 92 од 11 јуни 2015 година што подоцна Уставниот суд го утврди со Одлука бр. I. ÚС 2617/15 од 5 септември 2016 година, утврден со Одлука на Уставниот суд бр. II. ÚС 2490/15 од 8 ноември 2016 година (во случај на масовна електронска комуникација на судија) и Одлука на Уставниот суд бр. III ÚС 3844/13 од 30 октомври 2014 година (природа на комуникација на физичко лице што „не е судија" на Facebook).

Во другите заклучоци, Судот на честа не прави разлика дали етички проблематичните активности на судиите истовремено претставуваат и кршење на законот, затоа што тоа не беше формулација на задачата доверена на Судот на честа на Здружението на судиите.

За разлика од „лицата кои не се судии", слободата на говорот на судијата е ограничена со тоа што судијата секогаш мора да внимава (ова особено важи за јавни говори на судијата) неговиот настап да не го загрози достоинството на судската функција, да не ја доведе во прашање довербата во судството и личната непристрасност и независност. Општо земено, како по правило, судијата не треба јавно да ги открива своите политички ставови, освен во работите што се однесуваат на судството. Кога ќе изрази мислење за политички прашања (што не се поврзани со судството), постои можност за приговор дека е пристрасен ако потоа одлучува во случај поврзан со политичка партија (движење) или политичко прашање за кое коментирал. Покрај тоа, препорачливо е да не се вклучува во политичка дебата, најмалку поради намалено ниво на правила на добро однесување во текот на ваквите дебати. Ако се случи судијата да учествува во јавна размена на политички мислења, како по правило, тој го доведува во прашање неговото сопствено достоинство (индиректно и достоинството на целото судство) и, како што е наведено погоре, исто така ќе ја доведе до прашање и сопствена непристрасност во иднина.
Во овој контекст, мора да се нагласи дека за изземање на судијата доволно е остроумниот набудувач да изведе заклучок дека судијата не бил способен да донесе непристрасна пресуда. Што се однесува до говорите на судиите во врска со политичката конкуренција, Судот на честа се осврнува и на заклучоците на Уставниот суд усвоени во Одлука бр. I. ÚС 2617/15 од 5 септември 2016 година.[36]

Исто така е значајно и каде судијата ги објавува своите изјави. Без сомнение, би било негативно ако се случи судијата, како чувар на правилата за демократско општество и владеење на правото, да го објави своето мислење во медиумски простор кој се смета за екстремистички, т.е. што ја напаѓа основата на демократското општество. Ова се однесува и на печатот и на Интернет.

Ако судијата ги објавува своите ставови на блог или веб (без разлика дали станува збор за напис или како одговор или коментар на друг напис), тоа се јавно изразени ставови на кои се однесува сé од горенаведеното.

Ситуацијата со Facebook е покомплицирана. Тоа е комуникациска платформа која првенствено служи за воспоставување и одржување на врски преку Интернет и ширење на информации. Facebook дозволува создавање мрежа на социјални контакти,

5 „... Поединец кој ја презел функцијата судија е должен на лојалност и на воздржаност при остварувањето на својата слобода на говор, согласно член 17 од Повелбата и член 10 од Конвенцијата. Неговата слобода на изразување е предмет на посебни ограничувања кои произлегуваат од таа негова обврска. Особено, судијата не смее да ја нарушува довербата на јавноста во одлучувањето во согласност со основните принципи на демократското владеење на правото и довербата во непристрасноста и независноста на судството. Судијата мора да биде воздржан во коментарите во врска со политичката конкуренција, особено јавната проценка на одделните кандидати или партии и групи или формирање на политички коалиции."

овозможува комуникација помеѓу корисниците, размена на разни мултимедијални содржини, организирање настани и презентации на корисници. Откако ќе се најави, корисникот има можност да најде други корисници на мрежата со кои сака да биде во контакт и да побара од нив да бидат „пријатели“ (потврда за взаемна заинтересираност за контакт). Меѓу другото, корисникот може индивидуално да го прилагоди опсегот на објавени информации за споделување, и може да користи алатки за приватност за да одбере кој ќе ја види содржината што ја објавил, како и кој може да контактира со него и да го побара и на кој начин. Затоа, профилот на корисниците на социјалната мрежа може да функционира отворено (јавен е за сите други корисници на Facebook или дури и интернет корисниците или затворен (корисникот одбира дали ќе ги објави своите информации на определен круг корисници или може да ја направи оваа опција одделно за индивидуални објави и информации). Комуникацијата на Facebook може да се постигне преку разговор, пораки (можност за испраќање пораки само на еден корисник или одредена група корисници) или преку личниот профил на  корисничките страници, кои објавувања можат да бидат објавени од страна на корисникот, но и од други корисници доколку објавата тоа му го овозможува на тој корисник. Користејќи ги поставките за приватност одбрани од корисникот, содржината на страницата со профил на корисникот може да се отвори само за пријатели, избрани кругови - групи пријатели, на сите луѓе регистрирани на Facebook или нерегистрирани корисници кои се на Интернет.

Јасно е дека природата на социјалната мрежа Facebook не е ниту приватна ниту јавна. Секогаш зависи од специфичните корисници како тие ќе го поставaт нивото на приватност на нивниот профил или директно за поединечни објави. На оваа мрежа, корисникот може да комуницира само со еден друг корисник, а другите корисници да не ја гледаат оваа комуникација и не можат да влијаат врз неа. Таквата комуникација е целосно приватна, иако е овозможена од социјална мрежа со милијарда лица, исто како што комуникацијата преку електронска пошта помеѓу две лица како www.gmail.com или www.seznam.cz може да се смета за приватна. Сепак, корисник на социјална мрежа Facebook има можност да го направи својот профил целосно јавен и со тоа достапен за сите корисници на социјалната мрежа Facebook и за сите корисници на Интернет. Оваа опција е широко користена, на пример, од страна на политички партии, интересни групи, уметници, даватели на услуги, трговци на мало и други кои имаат за цел да се претстават пред најголемиот можен број на корисници на Интернет преку оваа социјална мрежа. Сепак, некои „нормални“ корисници исто така користат вакви поставки, а ако се покрај тоа и судии, за нив важат истите ограничувања како и секој јавен говор.

Се соочуваме со етички ризик, што непристрасноста на судијата може да се доведе во сомнеж врз основа на засновано „пријателство“ на Facebook. Со склучување на меѓусебен договор да го додадеме во списокот со „пријатели“, корисникот изразува одредена наклоност (симпатија) кон таа личност. Проблемот со „пријател“ на судијата може да се појави за време на постапка за случај во кој судијата суди, а неговиот „пријател“ е странка во постапката или претставник на странка во постапката. Местото во списокот со „пријатели“ може да остави впечаток дека „пријателот“ на судијата е во повластена положба и може да влијае врз судијата при одлучувањето.

Сепак, што се однесува до природата на „пријателството“, може да се каже дека овој концепт не може да се поистовети со нормално пријателство, т.е. со подлабок однос манифестиран при редовен, личен контакт, користење слободно време на заеднички одмор, меѓусебни посети и др. Затоа, воопшто не е возможно да се каже дека секое „пријателство“ на Facebook докажува пристрасност на судијата (во оваа смисла, не може да се направи генерализација; секогаш ќе зависи од конкретниот предмет и фактите на одреден предмет).

За Facebook, како и за другите социјални мрежи, треба да се напомене дека контактите на мрежите не може да се сметааат за строго билатерални. „Пријателите“ на овие мрежи градат свои мрежни контакти, споделувајќи постови што веќе ги објавиле. Значи судијата никогаш не може да биде сигурен каде ќе се појави неговата објава, иако тој првично ја поделил со ограничен број контакти. Проблем со Facebook може да биде споделување на податоци, кога другите корисници споделуваат содржини од страницата на судијата за да влијаат врз пресудата на судијата (на пример, написи за тековниот предмети). Секоја позитивната реакција на судијата на таков поделен материјал би била целосно несоодветна.

Функцијата „like“ на Facebook може да се опише како изразување на вашите симпатии, наклонетост, согласување со пост, фотографија, видео, профил, апликација или со други компоненти на Facebook. Ова „лајкување“ (може да биде) видливо за другите и во оваа смисла судијата треба да биде воздржан, затоа што со искажување на поддршката може да остави впечаток дека тој застанува на страната на странката во постапката или нејзините претставници.

Природата на социјалната мрежа Twitter е различна од онаа на мрежата на Facebook. Twitter е наменет за јавна комуникација насочена кон неодреден број приматели. Поради оваа причина, за судиите важат исти ограничувања за оваа мрежа, како и за сите јавни говори. „Лајкување“ е можно и на оваа мрежа.

Сé што е предходно наведено се однесува дури и ако судијата на социјалните мрежи се појави анонимно т.е. не под сопственото име (тешко може да се претпостави дека, на пример, непристрасноста на судијата може да се доведе во прашање само кога ќе се открие идентитетот на судијата, т.е. тој не ги брани мислењата што веќе ги објавил или само ги брани под закрилата на анонимност или лажен идентитет). Неопходно е да се прогласи за апсолутно несоодветен пристапот како предметниот судија дискутирал за неговата улога на судија.

Секако нема потреба да се нагласи дека секоја лошо замислена формулација на мислењето на судијата (разни јазични претерувања или вулгарности) во неговите јавни говори го намалува достоинството на судиите и секој судија треба да одбегнува такви форми на говор. Исто така, во такви несоодветни форми на говор спаѓаат и сатирични изрази и иронични критики на сѐ и за сѐшто. Ако, во своите јавни настапи, судијата користи вакви термини, тогаш тој нужно мора да биде свесен дека ќе му се спротивстават во ист стил и со тоа ќе го понижат. Доколку се појави таква јавна интеракција, достоинството на конкретниот судија (со индиректно влијание врз судството) како и неговата непристрасност ќе се намалат.

Достоинството на судската функција не влијае само врз конкретниот судија, туку и врз целокупниот судски систем. Ако судијата се вмеша во прашањето за неговото достоинство, тој не само што си штети себеси, туку наштетува на целото судство, а судството, пред сè, мора да има кредибилитет. Ако довербата во судството е компромитирана, одлуките на судиите не може да се очекува да бидат прифатени од јавноста. Без оваа доверба, принципите на владеење на правото не можат да бидат исполнети. Погледнете што откри Уставниот суд со решение бр. I. - 26S 2617/15 од 5 септември 2016 година.[37]

## Závěry k působení soudce na sociálních sítích

(1) Сè што судијата изразува (настапи, коментари, фотографии, итн.) мора да биде во светлината на зачувување на достоинството на судската функција и не смее да фрла сомнеж врз неговата непристрасност и независност.

(2) Судијата не треба да создава односи што можат да оставаат впечаток дека имаат влијание врз начинот на одлучување на судијата.

(3) Судијата не коментира тековни судски постапки.

(4) Судијата не дава правен совет.

(5) Судијата одбегнува политички проценки (вклучително, на пример, поддршка на кандидат  за политичка функција, не „лајкува" политичка партија или движење, не коментира контроверзни политички прашања освен кога тие засегаат во правдата).

(6) Судијата треба да знае дека никогаш не може да биде сигурен каде ќе се појави неговата комуникација, дури и ако првично таа била наменета за ограничен број приматели.

Прага, 24.05.2017 година
Суд на честа на Здружението на судии, Претседател на д-р Ладислав Дерка

[6] „Примарната должност на секој судија е да ги штити основните права и слободи (чл. 4 од Уставот) и да одлучува во согласност со основните принципи на демократска држава управувана од владеењето на правото (чл. 1 (1) од Устав). Ако судијата ги доведе во прашање овие фундаментални вредности со своите коментари, тој ги доведува во прашање своите основни задачи и тешко може да создаде доверба во јавноста. Во врска со овие основни вредности, според тоа, судијата има должност на лојалност, што го ограничува во остварувањето на неговата/нејзината слобода на говор ".

# ЛИСТА НА НАЦИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ МИСЛЕЊА, ПРАВИЛА И СТАНДАРДИ ПОВРЗАНИ СО СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ

Courts´ Use of Social Media: A Community of Practice Model,
Jane Johnston, International Journal of Communication 11(2017), 669-683

Social Media and Judicial Ethics,
compiled by Cynthia Gray, NSCS Center for Judicial Ethics, 2017

Take care of your digital footprint, Barry Clarke, 2017

Ethical limits on a judge´s activities on social networks,
Union of Judges of the Czech Republic, 2016

Social Media Ethics Guidelines,
Commercial and Federal Litigation Section of the New York State Bar Association, 2015

Guide to Judiciary Policy, Vol. 2B, Ch. 2,
Committee on Codes of Conduct Advisory Opinion, page 221-226, 2015

Judges & Social Media: Managing the Risks,
Themis Competition organized by EJTN and EU, 2015

The Use of Social Media by Canadian Judicial Officers,
Canadian Centre for Court Technology, 2015

IBA International Principles on Social Media Conduct for the Legal Profession,
Adopted on 24 May 2014 by the International Bar Association, 2014

Facebook and Social Networking Security, Martin Felsky,
Canadian Judicial Council, 2014

Should Attorneys and Judges be Facebook Friends? A State by State Overview,
Jessica Ballard-Barnett, 2014

Social Media and the Courts: Innovative Tools or Dangerous Fad?
A practical Guide for Court Administrators,
Norman H. Meyer, Jr., International Journal for Court Administration, 2014

Use of Social and Electronic Media by Judges and Judicial Employees,
Arizona Supreme Court, Judicial Ethics Advisory Committee, Advisory Opinion 14-01, 2014
Formal Opinion 462, Judge´s Use of Electronic Social Networking Media,

American Bar Association (ABA), 2013

Should judges use social media? Judith Gibson, 2013

Judge Must Consider Limitations on Use of Social Networking Sites,
Opinion 2012-07, Maryland Judicial Ethics Committee, 2012

Let´s be Cautious Friends: The Ethical Implications of Social Networking for Members of the Judiciary, Washington Journal of Law, Technology & Arts, Issue 3 Winter 2012

OBA Social Media Policy, Oklahoma Bar Association, 2011

Opinion 66 Online Social Networking,
Judicial Ethics Committee, California Judges Association, 2010

Social Media 101, the National Center for State Courts,
the National Center for State Courts, 2019

UNODC Guidelines on Social Media 2019
United Nations Office on Drugs and Crime 2019

*Публикувано од :*

*Академија за судии и јавни обвинители*
*„Павел Шатев„ Скопје*

*Здружение за кривично право и криминологија*
*на Македонија*

*Превод и подготовка:*

*проф. д-р Наташа Габер – Дамјановска,*
*директор на Академијата за судии и јавни обвинители*

*проф. д-р Гордана Лажетиќ,*
*Претседател на Здружението за кривично право*
*и криминологија*

*вон. проф. д-р Лазар Нанев,*
*претседател на Основен суд Кавадарци*

*Лидија Неделкова,*
*судија на Врховен суд на РСМ*

*Технички соработници:*

*Розе Алексова,*
*судски соработник во Основен суд Кавадарци*

*м-р Трајанче Бошева,*
*судски соработник во Основен суд Кавадарци*

*Финансирање
обезбедено од Владата
на Соединетите држави.*